# ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНА ИГРА:

# ADIDAS И СПОРТ М те водат на УЕФА СУПЕР КУП!

Согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија” број 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/2016) се утврдуваат следните правила на Наградната игра:

## Член 1

### Назив и седиште на трговското друштво-Организатор на наградната игра

Организатор на Наградната игра “ADIDAS И СПОРТ М те водат на УЕФА СУПЕР КУП!” е Друштво за трговија на спортска опрема, услуги и спортски инженеринг Спорт М ДОО експорт-импорт Скопје со седиште на ул. Рајко Жинзифов бр.18-1/2, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: Организатор).

## Член 2

### Услуги и производи заради чие рекламирање се приредува наградната игра

Цел на Наградната игра организирана од Организраторот наведен во член 1 од овие Правила е рекламирање на новата фудбалска колекција на спортската марка ADIDAS.

## Член 3

### Официјално име и времетраење на наградната игра

Официјалното име на наградната игра е ADIDAS И СПРОТ М те водат на УЕФА СУПЕР КУП!

Наградната игра започнува на 14.07.2017 година од 12 часот до 20.07.2017 година до 12 часот.

## Член 4

### Лица со право на учество

Лица кои имаат право на учество се сите полнолетни граѓани на Република Македонија кои имаат најмалку 18 години.

ЛИЦА КОИ НЕМААТ НАПОЛНЕТО 18 ГОДИНИ НЕМААТ ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА.

Лицата од став 1 од овој член, имаат право на минимум едно, а максимум три бесплатни играња (одговарање на прашања) во Наградната игра, на начин опишан во член 7 од овие Правила, во текот на траењето.

Доколку учесникот во наградната игра сака да игра повеќе од три пати, потребно е да купи производи од ADIDAS FOOTBALL колекцијата во ADIDAS STORE продавниците низ Македонија во вредност од најмалку 3.000,00 денари, при што на каса добиваат уникатен код кој го внесува пред секое ново играње на Наградната игра. Учесникот во наградната игра со еден код има право да игра неограничено безброј пати.

**Член 5**

**Територија**

Наградната игра ќе се организира и спроведува на територија на Република Македонија.

**Член 6**

**Награден фонд**

Наградите во наградниот фонд се две ВИП влезници за Супер купот на УЕФА 2017 година за фудбалскиот натпревар помеѓу Манчестер Јунатед и Реал Мадрид кој ќе се одигра на 08.08.2017 година во Телеком Арена (“Филип Втори Македонски” Арена), во Скопје.

| Вид на наградите | Количество | Поединечна цена на наградата | Вкупна цена на награден фонд |
|---|---|---|---|
| ВИП Влезници | 2 | 3.085,00 денари | 6.170,00 денари |

*Висината на картите е прикажна во денарска противвредност на еврото пресметано по средниот курс објавен на веб-страната на НБРМ на денот на поднесување на барањето за одобрение за приредување на Наградна игра.

**Член 7**

**Механизам за учество во Наградната игра**

Учеството во наградната игра ќе се одвива преку ВИП Активација креирана од страна на Организаторот. Со оваа Активација ќе се одберат 2 победници кои имаат најмалку 18 години, кои ќе ВИП влезници за Супер купот на УЕФА 2017 година за фудбалскиот натпревар помеѓу Манчестер Јунатед и Реал Мадрид кој ќе се одигра на 08.08.2017 година во Телеком Арена (“Филип Втори Македонски” Арена) во Скопје.

Секој учесник пристапува на Facebook фан страната на Организаторот https://goo.gl/SnvmHS за да се најави кон Adidas Football апликацијата и стартува со одговарање на прашања. Одговарањето на прашања е наменето единствено за:

- За момци и девојки кои имаат минимум 18 или повеќе години кои се натпреваруваат за џ2 ВИП карти влезници за UEFA SUPER CUP FINAL натпреварот помеѓу Реал Мадрид и Манчестер Јунајтед.

Со најавување во Adidas Football апликацијата, автоматски на учесникот му се отвора можност да со своето знаење и брзина да стане еден од двајцата победници. Учесникот преку електронски пат одговара на 6 поставени прашања (поврзани со фудбал).

На Facebook фан страната на Организаторот https://goo.gl/SnvmHS континуирано се објавуваат резултатите и најдоброто време на учесниците.

Добитниците на наградната игра се утвдуваат по автоматски пат на софтвер кој утврдува кој двајца учесници одговориле најбрзо.

По завршување на ВИП Активацијата (20.07.2017 до 12часот) 2 натпреварувачи со најдобри резултати според табелата (број на точни резултати и потребно најбрзо време) добиваат покана за FINAL EVENT кој ќе се одржи на 21.07.2017 во Adidas Store продавницата во Skopje City Mall на втор кат, каде ќе им бидат доделени двете VIP влезници за Супер купот на УЕФА 2017 година за фудбалскиот натпревар помеѓу Манчестер Јунатед и Реал Мадрид кој ќе се одигра на 08.08.2017 година во Телеком Арена (“Филип Втори Македонски” Арена), во Скопје.

**Член 8**

**Верификација на квалификуваност и право на учество**

Наградата ќе биде доделена само ако учесниците се квалификувани, имаат право на учество и ако целосно ги почитуваат Правилата на Наградната игра.

**Член 9**

**Одлучување како ќе се добива наградата**

Надзор, анализа врз резултатите и пресек со резултатите од наградната игра ќе врши трочлена Адидас комисија (Adidas Srbija) во состав:

- Матија Миловановиќ
- Габријела Бегиќ
- Мона Марковиќ

**Член 10**

**Известување за резулатите од наградната игра и доделување на наградата**

Известување за резултатите на натпреварувачите од наградната игра ќе се врши единствено на Facebook фан страната на Организатор https://goo.gl/SnvmHS во рок од три дена од денот на утврдувањето на добитниците.

Доделување на наградите (x2 ВИП влезници) ќе се врши во Adidas store продавницата во Skopje City Mall на FINAL EVENT кој ќе се одржи на 21.07.2017 година.

**Член 11**

**Запознавање на учесниците со правилата на наградната игра**

Запознавање на учесниците со правилата на наградната игра се врши преку Адидас Фоотбалл апликација на Фацебоок фан страната на Организаторот https://goo.gl/SnvmHS

**Член 12**

**Забрана за учество во наградната игра**

Во наградната игра не може да учествуваат вработени членови во компанијата Adidas Srbija, кај Организаторот, Ginger Net како и нивни членови од поблиската фамилија (брачен партнер, деца, родители, посвоеник) како ни било кое лице кое на било каков начин учествувало во изработка и припрема на оваа наградна игра на знаење како и нивни членови од поблиската фамилија (брачен партнер, деца, родители, посвоеник).

Организаторот има целосно право во процесот на утврдување дали се исполнети сите права на учество и добивање на награда, да побара дополнителни податоци од потенцијалните добитници.

Со учество во наградната игра учесниците и добитниците се согласуваат дека нивните податоци кои ги оставиле во рамки на ВИП активацијата ќе бидат чувани во архивата на Организаторот. Исто така, учесниците и добитниците се согласуваат нивните податоци како име, презиме и местото на живеење во одреден рок да бидат објавени на Facebook фан страната Организаторот https://goo.gl/SnvmHS и истите ќе бидат чувани и обработувани во склад со Законот за заштита на лични податоци.

На барање на Учесникот во Наградната игра, кое треба да биде доставено на адреса на Организаторот, на ул. Рајко Жинзифов бр.18-1/2, Скопје, Организаторот може да му потврди дали податоците кои ги дал се обработуваат или не, како и на негово барање истите да се ажурираат, да се блокираат и да се променат во анонимни податоци оние чија обработка не е во согласност со Законот за заштита на податоците (запирање со обработка на лични податоци на барање на учесникот).

Организаторот се обврзува дека нема да ги открива личните податоци на учесниците на неовластени трети лица.

**Член 13**

**Задолжителни правила**

Правилата на наградната игра заради запознавање на потенцијалните учесници ќе бидат објавени на веб страната на Спорт М https://sport-m.com.mk, пред почетокот на Наградната игра, по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии.

**Член 14**

**Завршни одредби**

За евентуални спорови меѓу Организаторот и учесниците во Наградната игра, ќе биде надлежен Основен суд Скопје 2 во Скопје.

Со исполнување на Правилата за учество во Наградната игра корисниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие правила ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерство за финансии на Република Македонија и по нивно јавно објавување, а ќе важат до завршување на Наградната игра, односно до завршување на рокот за подигнување на наградата.

**Организатор,**

**СПОРТ М ДОО Скопје**

**Управител**

**Љупчо Илиоски**